ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 09 - 1066/3
22 -05- 2020 год.

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата на 30 - тата седница второ продолжение одржана на ден 21.05.2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службено лице вработено во општинска администрација, бидејќи не се потврдуваат наводите од пријавата.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-3941/1 од 19.08.2019 година.

Предметот со број 09-3941/1 од 19.08.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3941/1 од 19.08.2019 година е оформен по поднесена анонимна пријава против службено лице вработено во општинска администрација, со наводи дека истата ја искористила својата позиција во општината па за организатор на настанот „Фестивал на пивото 2019 година" била избрана фирма која е во сопственост на блиско лице на службено лице вработено во општинска администрација.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до општината со Барање за доставување на податоци и информации со бр. 09-1066/1 од 13.02.2020 година во врска со огласот за избор на организатор за настанот „Фестивал на пивото 2019 година".

По разгледување на доставената документација од страна на општината преку допис со бр. 09-1066/2 од 25.02.2020, Државната комисија го констатира следното:

- Градоначалникот на општината носи Решение за формирање на Комисија за спроведување на постапка за избор на организатор на настанот „Фестивал на пивото 2019 година", согласно Програмата за култура за 2019 година. Во формираната комисија не се јавува службеното лице од пријавата. Комисијата е задолжена во рок од 3 дена да утврди критериуми за избор на организатор врз основа на кои ќе изготви и објави оглас за избор на организатор на овој настан.
- После утврдените критериуми за избор на организатор од страна на наведената комисија, градоначалникот на општината распишува Јавен оглас од 29.05.2019 година.

Адреса: ул. „Даме Груев" бр.1, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Телефон: +389 2 3248 930

email: contact@dksk.org.mk
https://www.dksk.mk

- На ден 10.06.2019 година, Комисијата за спроведување на постапка за избор на организатор на настанот „Фестивал на пивото 2019 година" одржува седница, по што е изработен Записник со бр. 03-1740/6 од 10.06.2019 година од кој може да се види дека до комисијата е пристигната една понуда-пријава од страна на правниот субјект, избран за организатор, прилози, програма и сл. и едно Барање за одобрение за начин на користење на просторот за организирање на „Фестивал на пивото 2019 година" и доделување на средствата од Програмата за култура за 2019 година од страна на еден адвокат.
- Од приложената документација, комисијата одлучила дека Барањето за одобрение за начин на користење на просторот за организирање на „Фестивал на пивото 2019 година" и доделување на средствата од Програмата за култура за 2019 година од страна на адвокатот воопшто не ги исполнува критериумите за организатор и одлучила да му предложи на градоначалникот на општината за организатор да биде избран наведениот правен субјект.
- Градоначалникот на општината носи Решение од 10.06.2019 година со кое за организатор на настанот „Фестивал на пивото 2019 година" го избира наведениот правен субјект, со кој склучува Меморандум за соработка со бр. 03-1740/8 од 17.06.2019 година.

На седницата одржана на ден 21.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од член 77 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси против службено лице вработено во општинска администрација, бидејќи не се потврдуваат наводите од пријавата.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник